ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 17 септември 2015

# СООПШТЕНИЕ

## Отворање на пет нови аптекарски станици

**При денешната посета на подрачната служба во Струга, директорите на Фондот, д-р Сашо Стефаноски и Орхан Рамадани, информираа дека се отворени четири нови аптекарски станици и една нова подвижна аптека. Новите 5 субјекти значат полесна достапност до лекови за 23.000 граѓани.**



**Новите пет аптекарски субјекти се во следниве населени места:**

1. **Село Ливада, Струга;**
2. **Село Буково, Битола;**
3. **Село Слатино, Теарце, Тетово;**
4. **Село Морани, Студеничани; и**
5. **Една подвижна аптека во Валандово.**

Проектот „Аптекарска станица во населено место во рурална средина“ е дизајниран да обезбеди континуирана примарна здравствена заштита на осигурениците и полесен пристап до лекови. Аптекарските станици се отвораат согласно со потребите утврдени во мрежата на здравствени установи на Министерството за здравство, бројот на жителите во населените места, оддалеченоста и достапноста на населените места.

**Вкупниот број лица кои се опфатени со овој проект е околу 150 илјади граѓани во Македонија кои живеат во рурални области и кои децении наназад, а некои и никогаш немале аптеки во близина на местото на живеење. Со овој проект го решаваме повеќедеценискиот проблем на граѓаните и овозможуваме тие да имаат достапност до потребните здравствени услуги и лекови.**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 CERTIFICATE NO. 20 100 131352879 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

**Да потсетиме, ФЗОМ годишно издвојува значителна сума од скоро 2,46 милијарди денари за лекови за граѓаните во земјава. Тие соодветно се распределени на околу 772 аптеки, од кои: 66 се аптекарски станици, 6 подвижни и 3 рурални аптеки. Со ова на граѓаните им заштедуваме и пари и време за набавка на неопходните лекови, а воедно им овозможуваме и отворање на нови работни места.**



